*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-51

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **Цинвен Капитал Менаџмент (V) Генерал Партнер Лимитед** (Cinven Capital Management (V) General Partner Limited), со седиште на East Wing, Trafalgar Court, Les Banques, St Peter Port, Guernsey GY1 3PP преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 19.08.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Цинвен Капитал Менаџмент (V) Генерал Партнер Лимитед** (Cinven Capital Management (V) General Partner Limited), со седиште на East Wing, Trafalgar Court, Les Banques, St Peter Port, Guernsey GY1 3PP, преку Ефиос Аквизишн ГМБХ, новоосновано друштво, контролирано од фондови управувани од Цинвен (V) ГП, ќе се стекне со целосна контрола врз **синлаб Холдинг ГМБХ** (synlab Holding GmbH), со седиште на Gubener Straße 39, 86156 во Аугсбург, Германија, ***по пат на купување на акции*** иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (вопонатамошниот текст: Комисијата) на ден 20.07.2015 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, Цинвен Капитал Менаџмент (V) Генерал Партнер Лимитед (Cinven Capital Management (V) General Partner Limited), со седиште на East Wing, Trafalgar Court, Les Banques, St Peter Port, Guernsey GY1 3PP, поднесе известување за намерата на Цинвен Капитал Менаџмент (V) Генерал Партнер Лимитед да стекне контрола над синлаб

Холдинг ГМБХ (synlab Holding GmbH), со седиште на Gubener Straße 39, 86156 во Аугсбург, Германија, *по пат на купување на акции.*

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1.1. **Цинвен Капитал Менаџмент** (V) **Генерал Партнер Лимитед е** приватно друштво кое обезбедува услуги за управување со инвестиции на инвестициски фондови.

1.2. **синлаб Холдинг ГМБХ** обезбедува лабораториска дијагноза за човечка и ветеринарна медицина и услуги на анализа на животната средина. Исто така нуди и медицински материјали и консултантски услуги.

**Приватна здравствена установа-дијагностичка лабараторија со биохемиска и микробиолошка лабараторија АДРИАЛАБ Скопје** со седиште на ул. Огнен Прица бр. 1/10,3,4,5, Скопје, Република Македонија и со предмет на работење: специјалистичка медицина. Адриалаб е поврзано лице кое е 98% во сопственост на Синлаб Вервалтунгс и Бетаилингус ГМБХ. Синлаб Вервалтунгс и Бетаилингус ГМБХ е поврзано лице во целосна сопственост на синлаб Холдинг ГМБХ.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласночлен 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**